# ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ЗИМСКИОТ СЕМЕСТАР ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ЗА СТУДЕНТИТЕ ОД ПОВИСОКИТЕ ГОДИНИ ЗАПИШАНИ НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ

Студентите од повисоките години – II, III, IV, V и VI запишани на Медицинскиот факултет во Скопје, заверувањето на летниот и запишување на ЗИМСКИОТ семестар го вршат исклучиво електронски преку IKNOW, **најдоцна до 30.09.2025 година**.

При запишувањето, студентите **на сметката на Медицински факултет плаќаат**:

| **ПЛАЌАЊА НА СМЕТКА НА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ** | | |
|---|---|---|
| **Цел на дознака:** | Партиципација за ЗИМСКИ семестар – студенти во **државна квота** со напомена за ОМ, Логопед или ТСС | 100 евра во денарска противвредност |
| **Цел на дознака:** | Партиципација за ЗИМСКИ семестар – студенти со **кофинансирање** со напомена за ОМ или Логопед, и ТСС со **кофинансирање /вонредни** | 200 евра во денарска противвредност |
| **Цел на дознака:** | Партиципација за ЗИМСКИ семестар – за студенти запишани на англиски наставен јазик со напомена MED ENGLISH | 2.500 евра во денарска противвредност |
| **Цел на дознака:** | За „материјални ресурси за реализација на студиските програми“ (годишно) | 1.500 денари |
| Назив на примач: | УКИМ-Медицински факултет | |
| Банка на примач: | НБРСМ | |
| Трансакциска сметка: | 1600111517 - 788 - 13 | |
| Приходна шифра: | 723019 41 | |

**ПОТСЕТУВАЊЕ: Плаќањата се вршат исклучиво електронски преку IKNOW системот!**

- Потврда за уплатени **750 денари** (годишно), во цел на дознака за „ИКСА на УКИМ“, со назнака за Медицински факултет, се плаќа **на сметка на УКИМ-Ректорат** и тоа на следната сметка:
    - Депонент: НБРМ на ж-сметка 100000000063095
    - Сметка на буџетски корисник: **1600103689-788-18**
    - Приходна шифра: 723012-41

- За електронско запишување на семестар се образец од IKNOW системот и се плаќа **100 денари,** се плаќа <u>**на сметка на УКИМ-Ректорат**</u> и тоа на следната сметка:
    - Депонент: НБРМ на ж-сметка 100000000063095
    - Сметка на буџетски корисник: **1600103689-788-18**
    - Приходна шифра: 723019-41

Студентите од оваа учебна година задолжително пополнуваат **Образец** за запишани студенти на додипломски студии (прв циклус) на факултетите и високите стручни школи - **ВОИ20**, пополнет на платформата**: www.uslugi.gov.mk**

<u>Потврдата за успешно доставен образец-ВОИ 20 и генериран образец, студентот го доставува во хартиена форма до Одделението за студентски прашања.</u>

УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОБРАЗЕЦОТ: Ве известуваме дека во насока на дигитализација на прибирање на податоци, Државниот завод за статистика во соработка со Министерството за дигитална трансформација од академската 2025/2026 година до Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ достави Известување со бр.22-1041/3 од 25.08.2025 година, при што сите студенти при упис/заверка на зимски семестар за академската 2025/2026 година потребно е да достават пополнет Образец ВОИ 20, кој ќе може да го пополнат на платформата www.uslugi.gov.mk

За пополнување на Образецот ВОИ 20, кој е задолжителен, секој активен студент треба да има креирано корисничка сметка на ниско ниво. По успешно пополнетиот образец, студентот ќе добие генериран документ (образец) и потврда за успешно доставен образец.